Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 10 декември 2024 година
Бр. 41-6770/2

До
Министерство за финансии
Скопје

## ИЗВАДОК
**од Нацрт – записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година**

ТОЧКА 27: Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2024 година, да донесат сопствен Етички кодекс или да го ажурираат постоечкиот доколку има потреба, во кој, меѓу другото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат Етички комитет.

2. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2024 година да воспостават/подобрат процесот на управување со ризици преку: подготовка/ажурирање на Стратегиите за управување со ризици, соодветно документирање на ризиците од работењето во регистарот на ризици и нивните плански документи, како и подобрување на известувањето за утврдените ризици на начин што одговорното лице на институцијата ќе добива навремени информации за најзначајните ризици на министерството и институциите во негова надлежност. Воедно, при утврдување на ризиците да ги разгледуваат различните форми на ризици од корупција и истите да бидат составен дел од регистарот на ризици на институцијата.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација во соработка со Министерството за финансии до 31.12.2024 година, да утврди воспоставување на задолжителна работна задача и обврска поврзана со процесот на управување со


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

ризици во актите за систематизација на работните места, за категоријата на Раководни административни службеници.

4. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да го изготват/ажурираат планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финансиско управување и контрола со план за отстранување на слабостите и неправилностите и да ја следат неговата реализација во институцијата.

5. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2024 година, да спроведат преоценување на дадените а неспроведени препораки од внатрешната ревизија, на предлог на внатрешната ревизија соодветно да ги ажурираат евиденциите на препораките при што ќе бидат исклучени препораките кои не се повеќе релевантни/спроведливи.

6. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 10.5.2025 година, да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор за преземените активности по заклучоците.

7. Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор да ја извести Владата со „Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година" за реализација на заклучоците од „Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023".

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Подготвил: Тања Поповска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Доставено и до:
- сите буџетски корисници